Од организациски аспект, засега товарот го носат вработените во Спортската, во Културно-учетничката и во Играно-документарната програма на МРТ1. Со кадровско екипирање во вид на формирање редакции во склоп на МРТ3 (какви што се планирани со систематизацијата на работни места), паралелно со обезбедување ТВ-права за важни спортски, забавни и филмски содржини, новиот канал уште повеќе ќе добие на значење и на програмско збогатување.

**Во текот на 2020 година, на МРТ-3 беа емитувани наведените содржини:**

| Број | Име на проект | Содржина | Вид на програма | Емитување |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | **ЕХФ Лига на шампионите во ракомет** | *Преноси од натпревари на Вардар (мажи)* | *Откуп на права со сублиценцирање + сопствена продукција* | Во термини на одигрување, октомври-декември 2020 |
| **2.** | **ЕХФ Европска лига во ракомет** | *Преноси од натпревари на Еурофарм Пелистер и на Металург* | *Откуп на права со сублиценцирање + сопствена продукција* | Во термини на одигрување, октомври-декември 2020 |
| **3.** | **СЕХА Лига во ракомет** | *Преноси од натпреварите на Вардар и на Еурофарм Пелистер* | *Откуп на права + сопствена продукција* | Во термини на одигрување, септември 2020 + декември 2020 |
| **4.** | **Првенство на Македонија во фудбал** | *Преноси од Првата Лига* | *Откуп на ТВ права со сублиценцирање + сопствена продукција* | Во термини на одигрување по два преноса неделно август-декември 2020 |
| **5.** | **Првенство на Македонија во кошарка** | *Преноси од натпревари од Првата лига (мажи)* | *Откуп на права + сопствена продукција* | Во термини на одигрување, еднаш или двапати неделно октомври-декември 2020 |
| **6.** | **Првенство на Македонија во одбојка** | *Преноси од натпревари од Првата Лига (мажи и жени)* | *Откуп на права + сопствена продукција* | Во термини на одигрување, еднаш неделно, октомври-декември 2020 |
| **7.** | **Првенство на Македонија во ракомет** | *Преноси од натпревари од Супер лигата (мажи)* | *Откуп на права + сопствена продукција* | Во термини на одигрување, по еден или два меча неделно септември-ноември 2020 |
| **8.** | **Ракомет , квалификации за ЕП 2022 (мажи)** | *Преноси од натпревари на македонската репрезентација* | *Откуп на права + сопствена продукција* | Во термини на одигрување - ноември 2020 |
| **9.** | **Одбојка, пријателски натпревари на македонската репрезентација (мажи)** | *Преноси* | *Сопствена продукција* | Во термини на одигрување – декември 2020 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **10.** | **Гранд При сезона во уметничко лизгање** | *Преноси* | *Откуп на ТВ-права* | Во термини на одржување октомври-декември 2020 |
| **11.** | **Магазини за СЕХА Лига во ракомет** | *Магазини* | *Откуп на ТВ-права* | По еднаш месечно во септември 2020 |
| **12** | **НБА лига кошарка** | *Преноси* | *Откуп на ТВ права со сублиценцирање* | Во термини на одигрување, по еден пренос неделно јули-октомври 2020 |
| **13** | **НХЛ лига, хокеј на мраз** | *Преноси* | *Откуп на ТВ права со сублиценцирање* | Во термини на одигрување, по еден пренос неделно јули-октомври 2020 |
| **14.** | **Фудбал, Италијанско првенство** | *Преноси* | *Откуп на ТВ права со сублиценцирање* | По еден пренос неделно јуни-август 2020 |
| **15.** | **СП фудбал 2018, ЗОИ 2018, квалификациски натпревари и пријателски натпревари на Македонија за СП и ЕП фудбал, квалификациски и пријателски натпревари на Македонија за ЕП и СП ракомет, Куп на Македонија во фудбал и ракомет, домашен фудбал, домашна кошарка, домашен ракомет, домашна одбојка....** | *Репризни емитувања на натпревари* | *Архива на МРТ – од сопствена продукција или со обезбедени права* | По неколку меча неделно во период април-декември 2020 |

**ЧЕТВРТИ ПРОГРАМСКИ СЕРВИС**

**ПРОГРАМА НА ЕТНИЧКИТЕ ЗАЕДНИЦИ**

**И ДОКУМЕНТАРНА ПРОГРАМА**

**Уредник на Програма на турски јазик: Еран Хасипи**

**Уредник на Редакција на српски јазик: Јасминка Мирковиќ**

**Уредник на Редакција на бошњачки јазик: Нафија Пепиќ**

**Уредник на Редакција на влашки**

Четвртиот програмски сервис е програмски сервис на кој се емитуваат програмите на помалите етнички заедници и документарна програма.

Со законското решение, односно пуштање во употреба на нов 24 часовен канал на албански јазик – Втор програмски сервис на МТВ, се јави потреба од отворање на нов програмски сервис на кој ќе бидат емитувани програмите на помалите етнички заедници. Бидејќи програмата на турски, српски, ромски, бошњачки и влашки јазик се емитуваат од 8 до 20 часот, преостанатото време на овој програмски сервис е исполнето со квалитетна документарна програма.

Поради пандемијата со Ковид-19 дел од програмите не се реализирани, односно настаните коишто се одложени и настани коишто требале да се релизираат со репортажно возило.

Подолу се наведени насловите на емитуваните програмски содржини во 2020 година.

| **НАСЛОВ НА ЕМИСИЈА** | **ЕКСПЛИКАЦИЈА НА ДЕЛ ОД СОДРЖИНИТЕ** | **ДОПОЛНИТЕЛНИ НАПОМЕНИ** | **КАКОВ ВИД НА ПРОДУКЦИЈА** |
|---|---|---|---|
| **ДОКУМЕНТАРНА ПРОГРАМА НА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК** | | | |
| ДОКУМЕНТАРНИ РЕПОРТАЖИ<br><br>Манастирите во | Емитување еднаш дневно<br><br>(репортажи за | Терен/Екстериер | Сопствена продукција |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Македонија | манастирите во Македонија) | | |
| ДОКУМЕНТАРНИ ФИЛМОВИ | Емитување еднаш дневно<br>(филмови за човечки судбини, луѓе, настани) | Терен/екстериер | Копродукција/сопствено производство |
| ДОКУМЕНТАРНИ КРАТКИ РЕПОРТАЖИ<br><br>Убавите села | Емитување еднаш дневно<br>(репортажи за убавините на македонските села) | Терен/екстериер | Сопствено производство |
| ДОКУМЕНТАРНИ ЕМИСИИ<br><br>Алтернативен туризам | Емитувано еднаш дневно<br>(екслузивноста на алтернативниот туризам во Македонија) | Терен/екстериер | Сопствена продукција/ копродукција |
| ПРЕНОСИ ОД ВЕРСКИ НАСТАНИ ПРАЗНИЦИ (СВЕЧЕНИ АКАДЕМИИ) | 1. ФЕСТИВАЛ НА ФИЛМСКА КАМЕРА “БРАЌА МАНАКИ”<br>2. ЛИТУРГИИ<br>3. КАТОЛИЧКИ МИСИ | Репортажна кола | Сопствено производство |
| ДОКУМЕНТАРНИ ПОРТРЕТИ | Емитувано еднаш дневно<br><br>(портрети на значајни личности и уметници | Терен/екстериер/ интериер | Сопствено производство |
| ДОКУМЕНТАРЕН МАГАЗИН<br><br>Филмски приказни | Емитувано еднаш неделно<br>(магазинска емисија од областа на филмот) | Студио/терен | Сопствено производство |
| КОЛАЖНИ ДОКУМЕНТРАНИ ЕМИСИИ<br><br>Црно и бело | Емитувано еднаш неделно<br>(колажни емисии од архивски материја на МТВ) | студио | Сопствено производство |
| ДОКУМЕНТАРНИ ЕМИСИИ<br><br>Викенд за паметење | Емитувано еднаш неделно<br>(колажни емисии од архивски материјали на МТВ) | Терен/ студио | Сопствено производство |
| ДОКУМЕНТАРНИ ЕМИСИИ | Емитувано еднаш неделно | Терен/студио | Сопствено производство |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Во здраво тело, здрав дух | (емисии од областа на нутриционизмот и здравиот живот) | | |
| ДОКУМЕНТАРНИ ЕМСИИ<br><br>Доктор дома | Емитувано еднаш неделно<br><br>(емисии од областа на медицината) | Терен/студио | |
| ОБРАБОТЕНА ПРОГРАМА (ДОКУМЕНТАРНИ ФИЛМОВИ И СЕРИЈАЛИ) | Емитувана еднаш дневно<br><br>(Странска обработена програма | | Странска продукција |
| **ПРОГРАМА НА ТУРСКИ ЈАЗИК НА МТВ** | | | |
| **1 Информативна Документарна Редакција** | | | |
| **Дневник**<br>25 минути,<br>Целогодишна динамика | Информативна емисија | Секој ден<br>19:30 и во 22.00 | Сопствена продукција |
| **Флеш вести**<br>15 минути,<br>Целогодишна динамика | Информативна емисија | Секој ден<br>10.00, 14.30 и 00:00 | Сопствена продукција |
| **Актуел**<br>60 минути,<br>Целогодишна динамика | Дебатна емисија | Вторник – премиерно<br>Среда – репризно издание | Сопствена продукција |
| **Политика**<br>60 минути,<br>Седмична | Политичка информативна емисија | Недела<br>20:00 | Сопствена продукција |
| **Турците во Македонија**<br>50 минути<br>Седмично | Документарна емисија | Петок 21.00 | Копродукција |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **2 Културно Образовна Редакција** | | | |
| **Етика и Морал**<br>60 минути,<br>седмична | Верска дебатна емисија | Четвrток – премиерно<br>Петок – репризно издание | Сопствена продукција |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Културен Мозаик**<br>30 минути,<br>седмична | Емисија посветена за заедничката култура на општеството | Сабота-Недела<br>12:00 | Сопствена продукција |
| **ТВ Театар**<br>60-120 минути | Национална Установа “Турски Театар“ | Секој месец<br>една претства | Сопствена продукција |
| ФИЛМСКА И СЕРИСКА ПРОГРАМА<br>(филмови, серии, документарни филмови и анимирана програма | | | Програма добиена од Турската радио телевизија |

| **3 Забавно Музичка Редакција** | | | |
|---|---|---|---|
| **Музика за сите**<br>60 минути,<br>седмична | Забавно<br>музичка<br>емисија | Сабота<br>14:00 | Сопствена продукција |
| **Класична музика**<br>60 минути<br>седмична | Музичка<br>емисија | Секоја Недела<br>14:00 | Надворешна продукција |
| **Нова година**<br>90 минути | Музичко<br>забавна<br>емисија | Еднаш годишно | Сопствена продукција |
| **Поради пандемијата со Ковид 19 нема реализирано преноси со РК, сите настани наведени подолу се снимани со новинарски екипи** | | | |
| **Бајрам** | Државен и верски празник | Еднаш годишно | Сопствена продукција |
| **23 април** | “Ден на децата“ | Еднаш годишно | Сопствена продукција |
| **4-7 мај** | “Хдрлез“ | Еднаш годишно | Сопствена продукција |
| **19 мај** | “Ден на Ататурк“ | Еднаш годишно | Сопствена продукција |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **15 август** | "Турците од Источна Македонија" | Еднаш годишно | Сопствена продукција |
| **21 декември** | Празник "настава на турски јазик" | Еднаш годишно | Сопствена продукција |
| **15 август** | "Турците од Источна Македонија" | Еднаш годишно | Сопствена продукција |
| **21 декември** | Празник "настава на турски јазик" | Еднаш годишно | Сопствена продукција |

| **1 РЕДАКЦИЈА НА РОМСКИ ЈАЗИК** | | | |
|---|---|---|---|
| **НАСЛОВ НА ЕМИСИЈА** | **ЕКСПЛИКАЦИЈА НА ДЕЛ ОД СОДЖИНИТЕ** | **ДОПОЛНИТЕЛНИ НАПОМЕНИ** | **ВИД НА ПРОИЗВОДСТВО** |
| **Бијандипе - Преродба** **-** 261 емисија на годишно ниво | Информативна емисија (емитување секој работен ден во 15:30 часот) | Студио + прилози | Сопствено производство |
| **Свечена академија „8-ми Април Ден на Ромите“** -една емисија на годишно ниво | Директен пренос на прослава по повод Денот на Ромите | Репортажна кола | Сопствено производство |
| **Свечена академија „5 Ноември Меѓународен ден на ромскиот јазик“** -една емисија на годишно ниво | Снимање на настан | Репортажна кола | Сопствено производство |
| **Труба Фест** - една емисија на годишно ниво | Снимање на Рома Труба Фестивал во Куманово | Репортажна кола | Сопствено производство |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Емисии од областа на на културата „Култура, традиција, обичаии“**<br>- една емисија на месечно ниво<br>-времетраење 30 минути | Вкупно 12 емисии од областа на културата на Ромите во РСМ | Студио + прилози | Сопствено производство |
| **Василична**<br>**-** една емисија на годишно ниво | Снимање на музичка Василична емисија | Студио | Сопствено производство |
| **Новогодишна Емисија**<br>- една емисија на годишно ниво | Снимање на музичка Новогодишна емисија | Студио | Сопствено производство |
| **Детска Новогодишна Емисија**<br>- една емисија на годишно ниво | Снимање на Детска Новогодишна емисија | Студио | Сопствено производство |
| **Ѓурѓовден традиционален празник на Ромите**<br>**-** една емисија на годишно ниво | Снимање на документарна емисија за празнувањето и значењето на традиционалниот празник „Ѓурѓовден“ | Студио + прилози | Сопствено производство |
| **Нашето јазично богатство**<br>**-** две емисиина месечно ниво<br>-времетраење 30 минути | Вкупно 24 емисии со цел афирмирање и промовирање на правописот и правоговорот на ромскиот стандарден јазик како и промовирање на книжевни творци Роми | Студио + прилози | Сопствено производство |
| **Верски емисии за месец Рамазан**<br>**-** две емисиинеделно во текот на месец Рамазан<br>-времетраење 30 минути | Вкупно 8 говорни емисии<br>кои ќе обработуваат теми за месецот Рамазан и неговото значење | Студио + прилози | Сопствено производство |
| **Верски музички емисии**<br>**-** две емисиинеделно во текот на месец Рамазан | Вкупно 8 музички емисии со верски песни на ромски јазик | Студио | Сопствено производство |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -времетраење 30 минути | | | |
| **Образовни емисии**<br>**-** две емисии на месечно ниво<br>-времетраење 30 минути | Вкупно 24 емисии на годишно ниво, емисиите обработуваат теми за образованието на Ромите во РСМ | Студио + прилози | Сопствено производство |
| **Младинска емисија**<br>**-** две емисии на месечно ниво<br>-времетраење 30 минути | Вкупно 24 емисии на годишно ниво (контактна емисија со гостување на познати Роми од областа на музиката) | Студио + прилози | Сопствено производство |
| **„Твоето здравје, твоја грижа“**<br>**-** две емисии на месечно ниво<br>-времетраење 30 минути | Вкупно 24 емисии на годишно ниво, емисиите обработуваат теми за здравјето | Студио + прилози | Сопствено производство |
| **„Социјална инклузија на Ромите„**<br>**-** две емисии на месечно ниво<br>-времетраење 30 минути | Вкупно 24 емисиина годишно ниво,емисиитеобработувааттеми:<br>- афирмација на превенцијата во Социјалната заштита, остварување на правата за парична помош | Студио + прилози | Сопствено производство |
| **Детски емисии „Во детскиот свет“**<br>**-** две емисии на месечно ниво<br>-времетраење 30 минути | Вкупно 24емисиинагодишнониво (приказни на ромски јазик со наратори) | Студио + прилози | Сопствено производство |
| **„Спортот и Ромите“**<br>**-**една емисија на месечно ниво<br>-времетраење 30 минути | Вкупно 12 емисии  за спортот кај Ромите (преглед на спортски настани кај нас и во светот, со снимање на прилози) | Студио + прилози | Сопствено производство |
| **Музички емисии (народна, забавна и фолклорна** | Вкупно 24емисиинагодишнониво | Студио | Сопствено производство |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **музика)**<br>**-** две емисии на месечно ниво<br>-времетраење 30 минути | | | |

| **2 РЕДАКЦИЈА НА СРПСКИ ЈАЗИК** | | | |
|---|---|---|---|
| **Свети Сава** | | 30 мин | Снимање со Р.кола |
| **Видовден** | | 30 мин | Сопствена продукција |
| **Удово** | | 30 мин | Сопствена продукција |
| **Кајмакчалан** | | 30 мин | Сопствена продукција |
| **Свечена Светосавска Академија** | | 30 мин | Сопствена продукција |
| **Ден на Државноста на Р Србија** | | 30 мин | Сопствена продукција |
| **Православна Нова година** | | 30 мин | Сопствена продукција |
| **Велики петок** | | 30 мин | Сопствена продукција |
| **Видовден** | | 30 мин | Сопствена продукција |
| **Кајмакчалан** | | 30 мин | Сопствена продукција |
| **Зебрњак** | | 30 мин | Сопствена продукција |
| **Музички емисии** | | 30 мин | Сопствена продукција |
| **Новогодишна** | | 30 мин | Сопствена продукција |
| **Видик** | Информативна програма | 30 мин | Сопствена продукција |

| **3 РЕДАКЦИЈА НА БОШЊАЧКИ ЈАЗИК** | | | |
|---|---|---|---|
| **Музички емисии**<br>20 на годишно ниво | | 30 мин | Сопствена продукција |
| **Сехара**<br>365 емисии на годишно ниво | | 30 мин | Сопствена продукција |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Новогодишна**<br>- 1 емисија | | 30 мин | Сопствена продукција |
| **Документарни**<br>20 емисии.на годишно ниво | | 30 мин | Сопствена продукција |
| **Образование**<br>20 емисии | | 30 мин | Сопствена продукција |
| **Земјоделство**<br>**“У атару“**<br>10 емисии на годишно ново | | 30 мин | Сопствена продукција |
| **Детски емисии**<br>-“Сехарчичи-дјечја радост“<br>-20 на годишно ниво | | 30 мин | Сопствена продукција |
| **Здравствтво**<br>-20 емисии на годишно ниво | | 30 мин | Сопствена продукција |
| **Култура**<br>-Традиција и обичаји 30 емисии | | 30 мин | Сопствена продукција |
| **Спорт**<br>**“Движи се“**<br>10 емисии | | 30 мин | Сопствена продукција |
| **Религија**<br>**“Гласот на надежта“**<br>10 емисии | | 30 мин | Сопствена продукција |

| **4 РЕДАКЦИЈА НА ВЛАШКИ ЈАЗИК** | | | |
|---|---|---|---|
| **Низ призмата на прозорецот**<br>- 10 емисии на год.ниво 30 мин. | | | |
| **Влашкиот мелос-**<br>- 10 емисии на год.ниво 30 мин. | | | |
| **Центри на влашката култура**<br>- 10 емисии на год.ниво 30 мин. | | | |
| **Во царството на децата**<br>- 6 емисии на год. ниво<br>30 мин. | | | Сопствена продукција |
| **Иднината, во рацете на младите**<br>-10 емисии на год. ниво<br>30 мин. | | | Сопствена продукција |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Во влашко маало**<br>-10 емисии на годишно ниво<br>30 мин. | Обичаите на влашката заедница | | Сопствена продукција |
| **Музички емисии**<br>-10 емисии на годишно ниво<br>30 мин. | | | Сопствена продукција |
| **Информативни емисии**<br>-156 емисии на год.ниво 15 мин | | | Сопствена продукција |
| **Новогодишна емисија**<br>- 1 емисија 60 мин. | | | Сопствена продукција |
| **Детска новогодишна**<br>- 1 емисија 30 мин. | | | Сопствена продукција |
| **Денови на влашката култура**<br>- 1 емисија на годишно ниво | | | Сопствена продукција |
| **Мал концерт**<br>- 3 мали концерти на годишно ниво | | | Сопствена продукција |
| **Етно фест**<br>- 2 фестивала | | | Сопствена продукција |
| **Национален ден на Власите**<br>**1 емисија годишно** | | | Сопствена продукција |

**ПЕТТИ ПРОГРАМСКИ СЕРВИС НА МТВ Канал за детска програма**

**ОДГОВОРЕН УРЕДНИК: Дијана Гогова**

Во 2020 година беше пуштен во употреба и специјализираниот детски канал. Во време на пандемијата со Ковид 19 пуштен е во употреба каналот за детска програма. Во согласност со препораките на Европската радиодифузна унија, во време на забрана за движење, на најмладата популација во државаа и е неопходна забава за времето поминато во домовите.

Исто така, со пуштањето на употреба на детскиот канал на МРТ, се збогати и понудата на јавниот сервис.

МРТ 5 каналот, во 2020 година, ги реализираше и ги емитуваше следните дневни и неделни проекти:

| **Бр.** | **Име на ТВ Проект** | **Содржина** | ***Вид на програма*** | **Емитување** |
|---|---|---|---|---|
| **1** | **Е-училница ЕДУИНО** | *Училишна програма во чии рамки се емитуваат видео лекции за основно образование, според наставните програми на МОН* | *Сопствена програма* | Секој работен ден во текот на учебната година<br>Вкупно 70 емисии x 7 часа |
| **2** | **ТВ Училница** | *Едукативна програма за поддршка на онлајн наставата* | *Сопствено производство* | Секој работен ден во текот на учебната година<br>Вкупно 70 емисии x 6 часа |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **3.** | **Програма МРТ КОВЧЕЖЕ**<br><br>**-Си било еднаш**<br>**-Во светот на бајките**<br>**-Опстанок**<br>**-Случки од животот**<br>**-Големи и мали**<br>**-До ре ми**<br>**-Чук чук Стојанче**<br>**-Умни глави**<br>**-Првите цутови**<br>**-Чудовиштата од нашиот град**<br>**-Шарам барам**<br>**-Светот има 8 страни**<br>**-Ајде да се дружиме**<br>**-Училиште за кловнови**<br>**-Бисерчиња биберчиња**<br>**-Детска драма не е празна слама**<br>**-За животните**<br>**-Бон тон**<br>**-ТВ лабораторија**<br>**-Зборувалка**<br>**-Медиатека**<br>**-Македонски народни приказни**<br>**-Детси фестивали Поточиња**<br>**-Топ листа Супер ѕвезда**<br>**-Од А до Ш**<br><br>**-Топ листа Супер ѕвезда** | *Едукативни и забавни програми за деца од архивата на МТВ* | *Програми од сопствено производство и обезбедена програма* | Емитување согласно Програмската шема |
| **4.** | **Едукативна програма „ОСТАНИ ДОМА“**<br><br>***-Детски театарски претстави***<br>***- Бушава азбука*** | *Едукативна програма за поддршка на онлајн наставата* | *Сопствено производство* | Емитување согласно Програмската шема |
| **5.** | **Пет плус фамилија** | *Програма за деца ( сезона 6 )* | *Копродукција* | Емитување согласно Програмската шема 20 епизоди – 30 минути |
| **6.** | **Пет плус фамилија** | *Програма за деца ( сезона 3,4,5 )* | *Копродукција* | Емитување согласно Програмската шема 80 епизоди – 30 минути |
| **7.** | **Пет плус фамилија -** ***Тајниот изум*** | *Долгометражен игран филм* | *Обезбедени авторски права* | Емитување согласно Програмската шема |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **8.** | **Зоки Поки** | *Играна серија за деца* | *Копродукција* | Емитување согласно Програмската шема<br>10 епизоди х 30 мин |
| **9.** | **Дајте музика 1 и 2 сезона** | *Програма за деца* | *Копродукција* | Емитување согласно Програмската шема<br>60 епизоди-30 минути |
| **10.** | **Учиме англиски** | *Едукативна серија за изучување на англискиот јазик* | *Обезбедена програма* | Секој работен ден<br>10 емисии 30 минути |
| **11.** | **Млади за млади** | *Училишни емисии коишто обработуваат актуелни теми за младите* | *Сопствена Програма* | Емитување согласно Програмската шема<br>3 емисии х 30 ин |
| **12.** | **Мислам значи постојам** | *Училишни емисии коишто обработуваат актуелни теми за младите* | *Сопствена Програма* | Емитување согласно Програмската шема<br>3 емисии х 30 ин |
| **13.** | **Новогодишна детска програма** | *Новогодишна програма за деца* | *Сопствена Програма* | Емитување согласно Програмската шема<br>2 емисии х 50 мин<br>5 емисии х 10 мин<br>2 емисии х 30 мин |
| **14.** | **Дора истражува** | *Анимирана програма за деца (Сезони 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7)* | *Откуп на ТВ права* | Секој ден 190 епизоди х 24 мин |
| **15.** | **Дора и пријателите** | *Анимирана програма за деца (Сезони 1, 2 )* | *Откуп на ТВ права* | Секој ден 40 епизоди х 24 мин |
| **16.** | **Напред Диего** | *Анимирана програма за деца (Сезони 1, 2, 3 и 4)* | *Откуп на ТВ права* | Секој ден 80 епизоди х 24 мин |
| **17.** | **Лалалупси** | *Анимирана програма за деца (Сезони 1, 2 )* | *Откуп на ТВ права* | Секој ден 25 епизоди х 21 мин |
| **18.** | **Гормити** | *Анимирана програма за деца* | *Откуп на ТВ права* | Секој ден 52 епизоди х 20 мин |
| **19.** | **Светот на Биби** | *Анимирана домашна серија* | *Отстапени авторски права* | Емитување согласно Програмската шема<br>15 епизоди – 10 мин |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **20.** | **Мишо и Робин** | *Анимирана серија за деца* | *ЕБУ програма за поддршка на Јавните сервиси во време на пандемија* | Секој работен ден 30 епизоди-5мин |
| **21.** | **Сакам животни** | *Едукативна серија за деца* | *ЕБУ програма за поддршка на Јавните сервиси во време на пандемија* | Секој работен ден 30 епизоди-5мин |
| **22** | **Мали астрономи** | *Едукативна серија за деца* | *ЕБУ програма за поддршка на Јавните сервиси во време на пандемија* | Секој работен ден 5 епизоди-10мин |
| **23** | **Да си олесниме на душата** | *Едукативна серија за деца* | *ЕБУ програма за поддршка на Јавните сервиси во време на пандемија* | Секој работен ден 5 епизоди-10мин |

**ЈРП МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ

# ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН НА ЈРП МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА ЗА 2020 ГОДИНА

**Скопје, Март 2021 година**

1. ВОВЕД ........ 3
2. ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕ ........ 86
3. ОРГАНИЗАЦИЈА И КАДРОВСКА СТРУКТУРА ВО ЈРП МРТ ........ 5
4. СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ ........ 7
4.01 СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 31.12.2020 ГОДИНА ПО КВАЛИФИКАЦИИ ........ 7
4.02 СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 31.12.2020 ГОДИНА ПО НАЦИОНАЛНОСТ ........ 7
5. БУЏЕТ НА ЈРП МРТ ВО 2020 ГОДИНА ........ 8
5.01 ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ ........ 8
5.02 ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ ВО ЈРП МРТ ВО 2020 ГОДИНА ........ 9
6. РАСХОДИ НА ЈРП МРТ ВО 2020 ГОДИНА ........ 10
6.01 ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ РАСХОДИ ........ 10
6.02 ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ РАСХОДИ НА ЈРП МРТ ВО 2020 ГОДИНА ПО ГРУПИ НА ТРОШОЦИ ........ 93
6.03 Трошоци на вработените ........ 10
6.04 Патни и транспортни трошоци ........ 11
6.05 Заеднички трошоци ........ 95
6.06 Програмски права ........ 98
6.07 Останати трошоци од работење ........ 99
7. ИНВЕСТИЦИИ ........ 100
7.01 Инвестиции во опрема ........ 100
8. АНАЛИТИЧКИ ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ РАСХОДИ ВО МРТ ЗА 2020 ГОДИНА ........ 101
9. ОСТВАРЕН ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈРП МРТ ЗА 2020 ГОДИНА ........ 105
10. СОСТОЈБА НА ЖИРО СМЕТКИ ........ 106
11. СОСТОЈБА НА ПОБАРУВАЊА НА ЈРП МРТ НА 31.12.2020 ГОДИНА СО РЕКАПИТУЛАР НА ВКУПНИТЕ ПОБАРУВАЊА ВО ЗЕМЈАТА И СТРАНСТВО ........ 107
11.01 Побарувања од купувачите во земјата ........ 107
11.02 Побарувања од купувачите во странство ........ 107
12. РЕКАПИТУЛАР НА ВКУПНИТЕ ОБВРСКИ НА ЈРП МРТ НА 31.12. 2020 ГОДИНА ........ 108

# 1. ВОВЕД

JРП Македонска радио телевизија е јавен радиодифузен сервис кој врши дејност од јавен интерес во областа на радиодифузијата во Република Северна Македонија што опфаќа производство и обезбедување на радио и телевизиски програми и програмски сервиси како и исполнување на програмските обврски, стандарди и начела предвидени со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Програмата која се емитува на програмските сервиси опфаќа емисии од областа на информирањето, образованието, науката, културата и уметноста, потоа документарна, играна програма како и програма со музичко - забавни содржини.

Во 2020 година Македонската радио телевизија емитуваше програма на четири радио и осум телевизиски канали на македонски јазик, албански јазик и на јазиците на немнозинските заедници во РСМ и тоа на турски, ромски, влашки, српски и бошњачки јазик.

Имено, во првиот квартал од годината, својата дејност МРТ успешно ја реализираше преку еден телевизиски и два радиопрограмски сервиси на македонски јазик, како и преку еден телевизиски и еден радиопрограмски сервис на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните а кој е различен од македонскиот јазик и на другите немнозински заедници.

Почнувајќи од месец април 2020 година освен на горенаведените канали, ЈРП МРТ започна со емитување на својата програма на уште три нови телевизиски програмски сервиси и тоа: МТВ 3 кој емитува забавно - музичка, културна и спортска програма, МТВ 4 – документарна програма и програма на јазиците на етничките заедници (турска, ромска, влашка, српска и бошњачка) и МТВ 5

наменет за детска програма. Исто така, во тек се и активности за започнување со работа и на еден нов радио програмски сервис МРА 4 – на кој ќе се емитува радио програма на помалите етнички заедници во РСМ. Во истиот период постоечкиот Втор ТВ програмски сервис на албански јазик својата програма започна да ја емитува со 24 часовно дневно времетраење.

Што се однесува пак на информирањето на иселениците а со цел зачувување на културните и историските традиции и унапредување на врските со македонските граѓани кои живеат во дијаспората, програмата беше реализирана преку посебни радио програми наменети за соседните земји и Европа на странски јазици и посебни радио програми за информирање на иселениците и граѓаните на РСМ кои живеат во соседните земји, во Европа и на другите континенти на македонски јазик и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните а кој е различен од македонскиот јазик и на другите немнозински заедници.

Со емитување на програма со 24 часовно времетраење, МРТ обезбеди и најмалку еден радио и еден телевизиски програмски сервис, преку сателит и / или интернет преку сопствена мултимедијална видео платформа, наменет за иселениците и граѓаните на РСМ кои живеат во Европа и на другите континенти на македонски јазик и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните а кој е различен од македонскиот јазик и на другите немнозински заедници.

ЈРП МРТ го обезбедува и програмскиот сервис на Собранискиот канал утврден со Законот на Собранието на РСМ.

Во анализираната 2020 година за потребите, пред се, на информативната програма беа реновирани и ставени во употреба дописни центри низ градовите во републиката и дополнително беа ангажирани хонорарни соработници како дописници на МРТ кои ги информираа гледачите и слушателите на дневна основа за сите случувања од општествениот живот, а посебно со ставање акцент на пандемијата предизвикана од корона вирусот Covid-19.

Потребно е да се нагласи дека во услови на пандемија предизвикана од корона вирусот Covid-19, ЈРП МРТ даде значителен придонес на начин што ја адаптира својата програмска шема, особено во делот на образовната – училишна програма каде акцент се стави на анимирање на најмладата – школска популација со емитување на емисии со едукативна содржина. Исто така, за повозрасните гледачи и слушатели беше емитуван зголемен обем на информативни емисии со следење и информирање од терен за состојбата со корона вирусот во нашата држава и странство,  а беа откупени права за емитување на филмска, играна програма и детски анимирани серии.

## 2. ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕ

Македонската радио телевизија има статус на јавно претпријатие чиј основач е Собранието на РСМ, а работи на начин и услови утврдени со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Органи на управување во ЈРП МРТ се:

- Програмски совет – составен од 13 члена
- Надзорен одбор – составен од 7 члена
- Директор и заменик на директорот.

Согласно член 117 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, членовите на Програмскиот совет на МРТ ги именува и разрешува Собранието на РСМ.

Согласно член 125 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, членовите на Надзорниот одбор на МРТ ги избира Програмскиот совет на МРТ врз основа на претходно спроведена постапка на јавен конкурс.

Согласно член 130 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, директорот и заменикот на директорот на МРТ ги избира Програмскиот совет на МРТ врз основа на претходно спроведена постапка на јавен конкурс и поднесена програма за работа на МРТ за период од три години со можност за повторен последователен избор.

## 3. ОРГАНИЗАЦИЈА И КАДРОВСКА СТРУКТУРА ВО ЈРП МРТ

Работата во јавното претпријатие Македонска радио телевизија се одвива според следната организациона структура:

- Директор и заменик на директорот
- Македонско радио
- Македонска телевизија
- Музичка продукција
- Заеднички функции


Директор на МРТ
• Директор на МРТ и Заменик на директорот
• Сектор за поддршка на работењето на Директорот и Заменик на директорот
• Сектор за внатрешна ревизија
ЈРП МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА
Музичка продукција




## 4. СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ

Состојбата на вработените во ЈРП МРТ на 31.12.2020 год. изнесува вкупно 713 лица, што е помалку за 55 лица или за 7,2% во однос на состојбата на 31.12.2019 година.

### 4.01 СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 31.12.2020 ГОДИНА ПО КВАЛИФИКАЦИИ

| | д-р | м-р | ВСС | ВС | ССС | ВКВ | КВ | НСС | вкупно | разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 31.12.2019 | 0 | 28 | 319 | 22 | 355 | 0 | 31 | 13 | 768 | |
| 31.12.2020 | 1 | 26 | 301 | 20 | 326 | 0 | 29 | 10 | 713 | -55 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| структура 31.12.2020г.(%) | 0.1 | 3.6 | 42.2 | 2.8 | 45.7 | 0.0 | 4.2 | 1.3 | 100.0 | -7.2 |

## 4.02 СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 31.12.2020 ГОДИНА ПО НАЦИОНАЛНОСТ

| | македонци | албанци | турци | срби | власи | роми | бошњаци | црногорци | останато | вкупно | разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 31.12.2019 | 545 | 152 | 27 | 23 | 8 | 4 | 4 | 2 | 3 | 768 | |
| 31.12.2020 | 503 | 144 | 24 | 21 | 8 | 4 | 4 | 2 | 3 | 713 | -55 |
| структура 31.12.2020г.(%) | 70.5 | 20.2 | 3.4 | 2.9 | 1.1 | 0.6 | 0.6 | 0.3 | 0.4 | 100.0 | -7.2 |

Во текот на 2020 година во ЈРП МРТ нема нововработени лица. По основ на враќање на работа по мирување на работниот однос поради извршување на државна функција, обновен е договорот за вработување на 1 новинар со ВСС.

Во истиот период вкупно 56 лица го прекинале договорот за вработување со МРТ и тоа: 45 лица се заминати по основ на стекнување на правото за пензионирање, од кои 4 уредници ( 3 со ВСС и 1 со ССС), 10 новинари (8 со ВСС, 1 со ВС и 1 со ССС), 2 сниматели-камермани со ССС, 2 сниматели на тон со ССС, 2 спикери со ВСС, 2 продуценти ( со ВС и ССС), 2 режисери (со ВСС и ССС), 1 раководител на одделение со ВСС, 1 технички секретар со НСС, 6 техничари со ССС, 1 миксер на слика со ССС, 1 реализатор со ССС, 1 оператор на програма со ВСС, 2 мајстори на тон со ССС, 2 референти (со ССС и НСС), 1 документатор со ССС, 1 музички продуцент со ВСС,1 командир на ППЗ со ССС, 2 манипулативни работници (КВ и НСС) и 1 возач со ССС. Починати се 8 лица од кои 2 сниматели-камермани (со ВСС и ССС), 1 новинар-дописник со ВСС, 1 асистент продуцент со ССС, 1 техничар со ССС, 1 снимател на тон со ССС, 1 уредник со ВСС и 1 референт со ССС. Во овој период 1 уредник на редакција со ВСС е заминат од МРТ со одлука за мирување на работниот однос заради вршење на функција портпарол на Владата на РСМ, 1 раководител на сектор со ВСС е со спогодба за раскинување на договорот за вработување, а 1 оператор на програма со ССС е заминат поради отказ а договорот за вработување без отказен рок.

# 5. БУЏЕТ НА ЈРП МРТ ВО 2020 ГОДИНА

## 5.01 ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ

Во 2020 година ЈРП Македонска радио телевизија по сите основи оствари вкупен приход во износ од 1.012.188.171 денари.

Согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (сл.весник 132/17) основен извор на финансирање на тековното работење се средствата за финансирање на радиодифузна дејност кои ЈРП МРТ ги добива од Буџетот на РСМ. Во 2020 година по овој основ беше планиран приход во износ од 894.000.000 денари. Меѓутоа, поради настанатата состојба со корона вирусот Covid – 19, а како резултат на преземените мерки од страна на Владата на РСМ во насока на намалување на вкупните трошоци на државно ниво, со ребалансот во Буџетот на РСМ, беа намалени и средствата за финансирање на радиодифузна дејност за 37.250.000 па така вкупниот остварен приход по овој основ во анализираната 2020 година изнесува 856.750.000 денари или 84,6% од вкупно остварените приходи. Овие средства (иако намалени) беа основа за покривање на трошоците од целокупното работење на МРТ и тоа, за финансирање на РА и ТВ програмските сервиси (постоечките и новоотворените), Собранискиот канал и посебните програми, за сервисирање на обврските создадени по основ на набавка, создавање и емитување на програма - филмска, спортска, забавна, играно документарна и останата програма, потоа набавка на опрема неопходна за непречено одвивање на работењето, набавка на стоки и услуги, работи, трошоци за вработените и слично.

По основ на Маркетинг услуги – продажба на рекламно време остварен е приход во износ од 7.126.770 денари. Поради веќе добро познатата причина (состојбата предизвикана од корона вирусот) во текот на 2020 година беше откажано одржувањето на бројни забавни, кутурни и особено спортски настани а тоа пак, споредбено со изминатата 2019 година, предизвика значително намалување на приходот по основ на продажба на рекламно време во рамки на програмските содржини кои се емитуваа на програмите на МРТ.

Приходот по основ на изнајмување на деловен простор/закупнини изнесува 301.594 денари, по основ на продажба на програма и донации во опрема 786.431 денари а по основ на наплатени средства по судски одлуки донесени во корист на МРТ остварувањето изнесува 779.151 денар.

По основ на технички и други услуги во странство (коментаторски позиции, ISDN линии, и останати услуги) како и услуги во земјата (користење на студијата, преснимување на материјали, ангажирање на вработени за извршување на работи од заеднички интерес со останатите институции во кулата и останати услуги) остварени се приходи во вкупен износ од 2.172.696 денари.

Останатите деловни приходи е ставка која опфаќа приход по основ на камати, курсни разлики, отпишани обврски, приходи остварени во анализираниот период а по основ на склучени договори во минати години каков што е на пример приходот од отстапени права за емитување/реемитување на програма надвор од територија на РСМ, потоа приход по основ на донации, субвенции, приход од вредносно усогласување по основ на РДТ и слично. Оваа ставка бележи вкупна реализација во износ од 24.271.529 денари.

Во услови на отежнато работење на ЈРП МРТ и зголемен ризик на кој се изложени вработените поради новонастанатата состојба во земјата и светот која е предизвикана од ширењето на опасноста од Корона вирусот COVID-19 кај населението, како и за справување со последиците од ова вирусно заболување, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на РСМ донесе Одлука на ЈРП МРТ да и додели финансиска помош во износ од 30.000.000 денари.

Овие средства МРТ ги доби во месец април 2020 година а истите беа наменети за спроведување на мерки и активности за заштита на вработените преку набавка на заштитни средства, медицински потрошен материјал и хигиенски средства, како и за покривање на трошоците поврзани со производство, набавка и емитување на програма наменета за деца и млади и на други видови на програма чија крајна цел е исполнување на улогата на јавен сервис во услови на пандемија и справување со негативните последици врз економско-финансиското работење.

Согласно измените и дополнувањето на Буџетот на РСМ за 2020 година, кон крајот на месец декември 2020 година, од страна на Министерството за информатичко општество и администрација на ЈРП МРТ и беа исплатени дополнителни финансиски средства во износ од 90.000.000 денари за постигнување на повисок степен на програмски и техничко – технолошки развој. Со оглед на фактот што овие средства се добиени на крајот од 2020 година, истите ќе бидат искористени во текот на 2021 година.

## 5.02 ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ ВО ЈРП МРТ ВО 2020 ГОДИНА

| ПРИХОДИ | Остварени приходи во 2019 г. | Планирани приходи во 2020 г. | Остварени приходи во 2020 г. | Индекс 4/2*100 | Индекс 4/3*100 | Структ ура |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| Средства за финансирање на радиодифузна дејност од Буџет на РСМ | 894,000,000 | 894,000,000 | 856,750,000 | 95.8 | 95.8 | 84.6 |
| Закупнини | 297,442 | 500,000 | 301,594 | 101.4 | 60.3 | 0.0 |
| Приходи од услуги во земјата | 2,069,256 | 3,000,000 | 2,069,256 | 100.0 | 69.0 | 0.2 |
| Приходи од услуги во странство (технички услуги, отстапени права, ISDN линии и сл.) | 455,825 | 2,000,000 | 103,440 | 22.7 | 5.2 | 0.0 |
| Останати деловни приходи ( приходи од камати, позитивни курсни разлики,отпишани обврски,приходи од минати години),дополнително утврдени приходи од претходни години, | 17,936,338 | 17,000,000 | 24,271,529 | 135.3 | 142.8 | 2.4 |
| Приходи од наплата по судски одлуки | 186,693 | 1,500,000 | 779,151 | 417.3 | 51.9 | 0.1 |
| Продажба на рекламно време (маркетинг) | 12,989,210 | 45,000,000 | 7,126,770 | 54.9 | 15.8 | 0.7 |
| Приходи од донации, продажба на програма и услуги | 749,944 | 3,000,000 | 786,431 | 104.9 | 26.2 | 0.1 |
| Приход од донација од ААВМУ | 0 | 30,000,000 | 30,000,000 | 0,0 | 100.0 | 3.0 |
| Приход од МИОА за програмски и техничко-технолошки развој на ЈРП МРТ | 0 | 90,000,000 | 90,000,000 | 0,0 | 100.0 | 8.9 |

| | СЕ ВКУПНО: | 928,684,708 | 1,086,000,000 | 1,012,188,171 | 109.0 | 93.2 | 100,0 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|

## 6. РАСХОДИ НА ЈРП МРТ ВО 2020 ГОДИНА

### 6.01 ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ РАСХОДИ

Во анализираната 2020 година во своето тековно работење ЈРП МРТ оствари расходи во вкупен износ од 937.721.556 денари. Од аспект на процентите на реализација сите групи на трошоци се остварени во рамки на планираните износи и тоа: реализација од 98,9% во однос на планот има кај групата Трошоци за вработените, 39,5% кај Патни и транспортни трошоци, потоа 94,9% во групата на Заеднички трошоци, 89,5% во групата Програмски права и реализација од 86,4% бележи групата на Останати трошоци од работење.

### 6.02 ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ РАСХОДИ НА ЈРП МРТ ВО 2020 ГОДИНА ПО ГРУПИ НА ТРОШОЦИ

| **ТРОШОЦИ** | **Остварување во 2019г.** | **Финансиски план 2020г** | **Остварување во 2020г.** | **Индекси (4/2*100)** | **Индекси (4/3*100)** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| Трошоци за вработените | 399,063,279 | 443,760,000 | 439,029,965 | 110.0 | 98.9 |
| Патни и транспортни трошоци | 9,102,977 | 5,050,000 | 1,992,267 | 21.9 | 39.5 |
| Заеднички трошоци | 883,464,907 | 216,790,000 | 205,627,555 | 23.3 | 94.9 |
| Програмски права | 113,561,961 | 266,450,000 | 238,427,791 | 210.0 | 89.5 |
| Останати трошоци од работење | 50,638,181 | 60,950,000 | 52,643,978 | 104.0 | 86.4 |
| **А. ВКУПНО ТРОШОЦИ:** | **1,455,831,305** | **993,000,000** | **937,721,556** | **64.4** | **94.4** |
| | | | | | |
| **ИНВЕСТИЦИИ** | | | | | |
| | | | | | |
| **Набавка на опрема** | 46,737,523 | 3,000,000 | 1,878,793 | 4.0 | 62.6 |
| | | | | | |
| **Б. ВКУПНО ИНВЕСТИЦИИ:** | **46,737,523** | **3,000,000** | **1,878,793** | **4.0** | **62.6** |
| | | | | | |
| **ВКУПНИ РАСХОДИ (А+Б)** | **1,502,568,828** | **996,000,000** | **939,600,349** | **62.5** | **94.3** |

### 6.03 Трошоци за вработените

Групата Трошоци за вработени е остварена во вкупен износ од 439.029.965 денари или 98,9% од средствата планирани за оваа намена. Оваа група на трошоци ги опфаќа трошоците за бруто плати на вработените кои во анализираниот период изнесуваат 424.806.761 денар и кои во однос на остварувањето во минатата 2019 година се повисоки поради изедначувањето на минималната плата на вработените во МРТ, почнувајќи од месец Септември 2020 година, со нето платата на ниво на државата а која во тој период изнесуваше 14.934 денари. Ова усогласување е извршено согласно

потпишаните измени во Колективниот договор склучен помеѓу Синдикатот на МРТ и Програмскиот совет на МРТ. Во Трошоци за вработените се вбројува и отпремнината исплатена на вработените кои во 2020 година оствариле право на пензија во вкупен износ од 2.480.414 денари, трошоците за регрес за годишен одмор во износ од 9.191.728 денари, потоа други лични примања или останати надоместоци на вработените остварени во вкупен износ од 714.395 денари каде спаѓаат трошоците за помош на вработените исплатени по разни основи (помош во случај на смрт, боледување подолго од 6 месеци и сл.), јубилејни награди за вработените кои оствариле работен стаж во МРТ од 10, 20, 30 или 40 години во износ од 1.670.647 денари кои исто така се во согласност со Колективниот договор, како и трошоците за едукација (обуки на вработените, семинари и сл.) остварени во износ од 166.020 денари.

Просечната нето плата по работник во 2020 година изнесува 31.486 денари.

## 6.04 Патни и транспортни трошоци

Групата Патни и транспортни трошоци е остварена во вкупен износ од 1.992.267 денари и истата е реализирана со 39,5% во однос на вкупно планираните средства со Годишниот финансиски план за 2020 година за оваа намена. Оваа реализација е значително намалена во однос на 2019 година од причина што во текот на 2020 година патувањата на екипите на МРТ особено надвор од земјата беа или целосно откажани или сведени на најнепходен минимум поради појавата на Covid-19 – корона вирусот кој всушност предизвика стопирање на речиси сите активности на оптшествениот живот во светот.

Патувањата во странство, кои поради споменатата состојба, во најголем процент се реализирани во почетокот на годината (во месеците јануари и февруари 2020 година) како и во четвртиот квартал од годината, ги опфаќаат трошоците за дневници и ноќевања на екипи на МРТ и тие, заедно со трошоците за превоз за службени патувања исто така надвор од земјата, изнесуваат вкупно 424.904 денари. Во рамки на овој износ, а во насока на исполнување на програмските цели, би ги издвоиле патувањата на екипите на МРТ во: Милано – учество на семинар за Арберешите, Солун – посета на саем Агротика, Нирнберг – снимање на репортажна емисија, Швајцарија – снимање на спортски репортажи, Њујорк – следење на концерт на Симон Трпчевски, Берлин – присуство на саем за храна Зелена недела, Подгорица – регионална средба на новинари, во Истанбул и Коња - снимање на документарна репортажна емисија, Анталија – медиумска презентација на културното и историското наследство на Република Турција, Анкара – снимање на емисија од областа на културата, Тбилиси и Кипар – квалификациски натпревари во фудбал, Љубљана и Софија – присуство на состаноци во врска со преговори за откуп на права за емитување на настани од спортот и слично.

Реализацијата пак, кај патните трошоци во земјата изнесува 996.852 денари а се однесува на службени патувања на екипите на МРТ за реализација на преноси и емитување на настани како Охридско лето, Макфест, Илинден, Струшки вечери на поезијата, музички фестивал Песна ечи на албански јазик, Рацинови средби, потоа пренос и емитување на прославата по повод 1000 годишнината од основањето на манастирот Свети Јован Бигорски, одбележување на празникот 11 Октомври, снимање за емисијата Аграр како и следење и известување од разни настани од областа на спортот (фудбал, одбојка, ракомет, кошарка и слично) и слично.

Во оваа група на трошоци се вбројуваат и трошоците реализирани во врска со следење на активностите на државниот врв на РСМ.

### 6.05 Заеднички трошоци

Групата на заеднички трошоци во 2020 година бележи остварување во вкупен износ од 205.627.555 денари, кое е во рамките на планираниот износ. Оваа група ги опфаќа следните видови на трошоци:

- трошоци за суровини и материјали во кои спаѓаат трошоци за електричен и технички материјал (трошоци за набавка на разни видови резервни делови, електроматеријали, компјутерски резервни делови и сл.) потоа, материјал за поправка и одржување на опремата во радио и ТВ продукција и во останатите одделенија во МРТ, како и материјали за кулиси и декор потребни при снимање и емитување на разни видови студиски емисии, со вкупен остварен износ од 3.794.082 денари,
- трошоци за останати материјали (канцелариски материјал, печатарски услуги, материјал за возен парк и сл.) со остварување во вкупен иснос од 1.512.091 денар,
- трошоци за енергија со вкупен износ на реализација од 26.476.910 денари која е во рамките на планираните средства, а во која спаѓаат потрошената електрична и топлотна енергија, како и потрошеното гориво и мазиво,
- трошоци за набавка на ситен инвентар и авто гуми во износ од 882.870 денари,
- телефонските трошоци се однесуваат на трошоци за фиксна, мобилна телефонија и интернет услуги, а се остварени во вкупен износ од 2.441.299 денари, што е во рамките на планираните износи за 2020 година,
- за аудио и видео линии (унилатерали, мултилатерали, ПНН мрежа) кои се неопходни за известување од сите значајни настани од областа на спортот но и преноси од други настани кои се од програмски интерес и во насока на задоволување на очекувањата на гледачите на МРТ, потрошени се средства во износ од 5.775.523 денари,

- реализација во рамките на планираните износи за 2020 година бележат трошоците за агенциски услуги за обезбедување на објектите во МРТ и трошоците за одржување на хигиена во просториите на МРТ кои се остварени во вкупен износ од 7.733.580 денари,
- трошоците за инвестиционо и тековно одржување на основните средства и градежните објекти (набавка на резервни делови и услуги за одржување на опремата и објектите во насока на непречено одвивање на работните процеси) се реализирани во вкупен износ од 8.424.359 денари,
- за одржување на ВЕБ страната на МРТ реализирани се трошоци во износ од 995.011 денари што исто така е остварување во рамки на планираното за оваа намена,
- финансиските средства со реализација во износ 843.522 денари се дел од донацијата која изнесуваше вкупно 30.000.000 денари и која и беше исплатена на МРТ во првата половина од 2020 година од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на РСМ. Имено, од вкупно добиените 30.000.000 денари, 2.500.000 денари беа наменети за спроведување на мерки и активности за заштита на вработените преку набавка на заштитни средства, медицински потрошен материјал и хигиенски средства потребни за спречување на ширењето на опасноста од Корона вирусот COVID-19 кај населението, како и справување со последиците од ова вирусно заболување. За оваа цел, беа планирани и беа спроведени тендерски постапки и беа склучени договори за јавна набавка на стоки - заштитни средства, медицински потрошен материјал и хигиенски средства и јавна набавка на услуги – услуги за дезинфекција на работните простории во МРТ, а со оглед на фактот дека склучените договори имаат рок на важење од една година или пак до нивно целосно исполнување истите ќе имаат реализација и во 2021 година, додека пак останатите 27.500.000 денари беа наменети за програмски цели,
- комуналните услуги во кои спаѓаат трошоците за вода и ѓубретарина остварени се во висина од вкупно 4.356.129 денари и нивната реализација е во рамки на планираните средства,
- исто така, реализација во рамки на планираните износи бележат и поштенските услуги остварени во износ од 139.837 денари и трошоците за објава на огласи и конкурси во износ на 137.822 денари,
- за регистрација на возилата на МРТ остварени се трошоци во износ од 111.766 денари, а за одржување на истите потрошени се средства во износ од 978.519 денари,
- амортизацијата на основните средства е пресметана во износ од 65.934.194 денари, остварување кое произлегува од употребата на набавената опрема поврзана со процесот на дигитализацијата во МРТ како и од тековните набавки на нова опрема потребна за непречено одвивање на процесот на производство и емитување на програмата,

- трошоците во износ од 30.858.522 денари се резервирани средства по основ на трошоци за главен долг и камата по добиени судски пресуди во судски спорови со ММИ, Агенција за филм, Глигор Смокварски,
- вредносно усогласување на побарувањата по разни основи во земјата и странство, и обезвреднување на нетековни и тековни средства е сметководствена категорија која за 2020 година изнесува 6.048.934 денари, а реализацијата во најголем дел произлегува од обезвреднување на ненаплатени краткорочни побарувања од купувачи од земјата и странство, потоа од поврзани субјекти во земјата, спогодби и слично,
- трошоците за промоција и репрезентација се реализирани во износ од 329.954 денари,
- трошоците за осигурување на имот и возила на МРТ (осигурување на новонабавената и постоечката опрема, возила, патнички осигурувања и сл.) се остварени во вкупен износ од 703.104 денари,
- трошоците за банкарски услуги се остварени во износ од 390.736 денари и истите опфаќаат реализација на платен промет во земјата и странство а по основ на плаќање на обврски по договори за откуп на права за емитување на спортска и играна – филмска програма, за аудио и видео линии, членарини кон ЕБУ, ЦИРКОМ и слично,
- трошоците за даноци (данок на недвижности, данок на приход за исплати во странство, задржан данок) бележат остварување во износ од 3.698.411 денари кое пред се произлегува од договори склучени со странски комитенти за откуп на права за емитување на спортска програма, филмови и серии и останати видови соработка,
- за надоместоци на членовите на Надзорен одбор и Програмски совет евидентирано е остварување во износ од 6.281.518 денари кое се пресметува и исплатува согласно Законот за ААВМУ,
- дополнително утврдените расходи, остварени се во износ од 15.874.354 денари. Износот на реализација произлегува од пристигнатите фактури во текот на 2020 година а кои се однесуваат на трошоци од минат период и тоа по основ на расходи по фактури од земјата и странство од претходни години, утврдени камати од претходни години, дополнително утврдени расходи од претходни години по основ на трошоци за спорови, административни и судски такси, судски пресуди и друго,
- камати од работење и затезни камати е ставка која во анализираната 2020 година бележи вкупна реализација од 5.164.590 денари и истата произлегува од пресметани камати за судски спорови по обврски од минати години спрема правни лица чија разрешница е во тековната 2020 година како и пресметани камати по основ на склучени спогодби за плаќање на долговите на рати, камати по основ на јавни давачки и слично,
- ставката негативни курсни разлики е остварена во износ од 5.005.183 денари.

## 6.06 Програмски права

Групата на трошоци Програмски права во 2020 година е остварена во вкупен износ од 238.427.791 денар или реализација на планот од 89,5%.

Како што претходно беше спомнато, во услови на отежнато работење на ЈРП МРТ и зголемен ризик на кој се изложени вработените поради новонастанатата состојба во земјата и светот која е предизвикана од ширењето на опасноста од Корона вирусот COVID-19 кај населението, како и за справување со последиците од ова вирусно заболување, тековното работење на МРТ во 2020 година финансиски беше помогнато со донација во износ од 30.000.000 денари добиена од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Од тие средства, покрај планираниот износ од 2.500.000 денари кој беше наменет за преземање на мерки и активности за заштита на вработените преку набавка на заштитни средства, медицински потрошен материјал и хигиенски средства како и услуги за дезинфекција на просториите, останатите финансиски средства во износ од 27.500.000 денари беа наменети да го олеснат процесот на откуп, создавањето и емитувањето на програмата на МРТ, односно со овие средства финансиски беше поткрепена групата на Програмски права, со што всушност беше помогнато покривањето на трошоците поврзани со производство, набавка и емитување на програма пред се наменета за деца и млади како Дајте музика и 5+ Фамилија на македонски и албански јазик, но и на други видови на програма која ќе придонесе за исполнување на улогата на јавен радиодифузен сервис во услови на пандемија и справување со негативните последици врз економско-финансиското работење.

За откуп на права за пренос и емитување на спортски настани фактурираната реализација изнесува 20.573.287 денари и истата се однесува на трошоци за откуп на права за пренос на уметничко лизгање, хокеј, СЕХА лига ракомет, трошоци за откуп на права на фудбалски натпревари како Македонска фудбалска лига и Македонски куп, пренос на натпревари од француски и италијански фудбал, откуп на права за пренос и емитување НБА лига кошарка, домашен спорт, трошоци за партиципации за спортски права и размена на спортски вести и друго.

Ставката останати програмски права е реализирана во износ од 92.320.477 денари и таа во овој период опфаќа трошоци за координација на радио вести и радио спорт, потоа фактурирана реализација за емитувана програма на Прв и Втор ТВ програмски сервис односно откуп на права за емитување на Виенски концерт, лиценцирани вести од интернет, откуп на права за емитување на емисии од разни области и жанрови (детски, едукативни, документарни) меѓу кои се следните : ТВ магазин за родители и деца со наслов Моето дете, емисии за деца со наслов Арт Крафт, забавна емисија Чирак, ТВ магазин за екологија со наслов Екобаланс, ТВ серијал со наслов Тие, ТВ емисии со наслов Урбан Соул, ТВ проект Пријатели на модата, едукативен серијал за млади Факте, ТВ проект

Агенда 35, квиз емисија 20 Секунди, ТВ емисии со наслов Седум минути здравје, ТВ проект Приказна, документарен филм за Турците во Македонија, ТВ проект Вредни домаќинки и слично.

Трошоците за копродукциски проекти изнесуваат 105.128.694 денари и опфаќаат реализација на договори за заедничка соработка со комитенти за снимање и емитување на ТВ проекти од областа на музиката, културата, образованието, забавно-контактни емисии, детски и образовни емисии на македонски и албански јазик како што се: ТВ проект Тунел, ТВ проект Дајте музика, ТВ серија 5+Фамилија на македонски и на албански јазик (производство и емитување на шеста сезона), ТВ серија Преспав (производство и емитување на петта сезона), образовен серијал за деца Островот на Бен, ТВ емисии со наслов Компромис, ТВ проект Европски приказни, детски серијал Зоки Поки, Објектив, ТВ емисии од областа на истражувачкото новинарство, ТВ проект за деца – Бумеранг, ТВ серијал Најпознати приказни, долгометражен документарен филм Џаџев - последниот трубадур како и други емисии од областа на модата, сообраќајот, забавно-контактни емисии, детски емисии и слично.

Трошоците во износ од 20.312.791 денар се однесуваат на откуп на права за емитување на детски анимирани серии (Дора истражува, Диего и сл.) како и филмови и серии со најразлични жанрови.

## 6.07 Останати трошоци од работење

Групата Останати трошоци од работење е остварена во вкупен износ од 52.643.978 со реализација од 86,4% во однос на планот за оваа намена. Во рамките на оваа група спаѓаат следните видови на трошоци:

- трошоци за авторски договори преку авторска агенција кои се реализирани во износ од 15.637.992 денари и истите опфаќаат договори склучени со надворешни соработници за надополнување на навистина големиот недостиг од кадар во голем дел од редакциите и програмските сервиси во МРТ, како и авторски договори за синхронизирање на цртани филмови и играни серии на македонски јазик и јазиците на националностите,
- трошоци за интелектуални услуги кои се реализирани во износ од 5.553.157 денари што претставува повисоко остварување од 11,1% од планираниот износ, пред се поради неопходноста од обезбедување на услуги за предвод и обработка на зголемениот обем на набавената странска филмска, играна и детска анимирана програма чие емитување имаше приоритет со оглед на фактот што состојбата предизвикана од корона вирусот Covid-19 доведе до откажување на голем дел од контактни емисии, емисии во живо и слично,

- за технички услуги остварени се трошоци во износ од 2.316.230 денари, кои се однесуваат на трошоци за коментаторски позиции за сите спортски натпревари, унилатерали, ISDN линии, технички трошоци за сигнали во живо и слично,
- трошоците околу организирање и реализација на проектот во врска со избор на македонски претставници и нивно учество на фестивалот Евросонг 2020 и јуниорски Евросонг 2020 година изнесуваат 2.090.129 денари и тука се опфатени само дел од вкупно планираните трошоци за оваа намена односно, остварувањето е значително намалено во однос на планираниот износ поради фактот што реализацијата на Евросонг 2020 беше целосно откажана а јуниорскиот Евросонг се одржа електронски а сето ова поради веќе спомenатата состојба со корона вирусот,
- за ревизија на финансиските извештаи реализирани се трошоци во износ од 899.514 денари додека пак трошоците за набавка на сценски материјали и опремување на сцената изнесуваат 1.981.386 денари.
- трошоците кои произлегуваат од членувањето на МРТ во меѓународните радиодифузни организации како ЕБУ, ЦИРКОМ, ЕРНО и слично изнесуваат 9.951.605 денари, а пак трошоците за мало авторско право ЗАМП реализирани се во износ од 13.251.833 денари.

## 7. ИНВЕСТИЦИИ

### 7.01 Инвестиции во опрема

Во 2020 година во МРТ реализирани се инвестиции во вкупен износ од 1.878.793 денари. Во рамки на овие средства обновени се ПВЦ прозорци и ламинатски подови во дописните центри на МРТ во РСМ, извршена е реконструкција на спуштените плафони во дел од работните простории а набавени се и трофазен УПС уред и противпожарна централа со димнооптички јавувачи на пожар.

## 8. АНАЛИТИЧКИ ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ РАСХОДИ ВО МРТ ЗА 2020 ГОДИНА

| ТРОШОЦИ | Остварување во 2019г. | Финансиски план 2020г | Остварување во 2020г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| **Трошоци за вработените** | | | | | |
| ***1) Трошоци за вработените*** | | | | | |
| Бруто плати (основна плата,даноци,придонеси,минат труд,празнична,ноќна,г.о., боледување,платено отсуство) | 387,353,329 | 429,000,000 | 424,806,761 | 109.7 | 99.0 |
| Отпремнина за одење во пензија | 1,457,378 | 2,500,000 | 2,480,414 | 170.2 | 99.2 |
| Регрес за годишен одмор | 8,862,568 | 9,200,000 | 9,191,728 | 103.7 | 99.9 |
| Други лични примања (останати надоместоци на вработени,помош во случај на смрт на вработен или на член на семејство) | 546,260 | 1,000,000 | 714,395 | 130.8 | 71.4 |
| Јубилејни награди за вработени и пригодни подароци за пензионирање | 0 | 1,700,000 | 1,670,647 | 0.0 | 98.3 |
| Трошоци за здравствени услуги | 565,756 | 0 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за едукација | 277,988 | 360,000 | 166,020 | 59.7 | 46.1 |
| **Вкупно 1** | **399,063,279** | **443,760,000** | **439,029,965** | **110.0** | **98.9** |
| **Патни трошоци** | | | | | |
| ***2)Патни трошоци*** | | | | | |
| Дневници и ноќевања за службени патувања во земјата | 1,737,395 | 1,000,000 | 996,852 | 57.4 | 99.7 |
| Дневници и ноќевања за службени патувања во странство | 4,200,248 | 1,000,000 | 366,738 | 8.7 | 36.7 |
| Превоз за службени патувања во земјата | 9,149 | 100,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Превоз за службени патувања во странство | 2,155,533 | 1,900,000 | 58,166 | 2.7 | 3.1 |
| Сопствено возило за службени потреби | 285,913 | 300,000 | 293,403 | 102.6 | 97.8 |
| Услуги за патарина, останати услуги од патувања | 226,240 | 300,000 | 127,270 | 56.3 | 42.4 |
| **Вкупно 2** | **8,614,478** | **4,600,000** | **1,842,429** | **21.4** | **40.1** |
| ***3)Транспортни услуги*** | | | | | |
| Услуги за такси превоз и останати транспортни услуги | 488,499 | 450,000 | 149,838 | 30.7 | 33.3 |
| **Вкупно 3** | **488,499** | **450,000** | **149,838** | **30.7** | **33.3** |
| **Вкупно патни и транспортни трошоци** | **9,102,977** | **5,050,000** | **1,992,267** | **21.9** | **39.5** |
| **Заеднички трошоци** | | | | | |
| ***4)Трошоци за суровини и материјали*** | | | | | |
| Електричен материјал | 1,739,886 | 1,600,000 | 1,429,250 | 82.1 | 89.3 |
| Технички материјал | 1,297,867 | 1,000,000 | 1,405,934 | 108.3 | 140.6 |
| Материјал за кулиси и декор | 355,970 | 700,000 | 224,595 | 63.1 | 32.1 |
| Разни прехранбени и други материјали за снимање | 712 | 150,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Материјал за поправка и одржување | 134,813 | 1,200,000 | 734,303 | 544.7 | 61.2 |
| **Вкупно 4** | **3,529,248** | **4,650,000** | **3,794,082** | **107.5** | **81.6** |
| ***5)Трошоци за останати материјали*** | | | | | |
| Канцелариски материјал | 724,283 | 1,500,000 | 1,222,273 | 168.8 | 81.5 |
| Материјал за возен парк и останати материјали | 99,131 | 300,000 | 289,818 | 292.4 | 96.6 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Заштитна облека и обувки, ХТЗ опрема | 351,937 | 0 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 5** | **1,175,351** | **1,800,000** | **1,512,091** | **128.7** | **84.0** |
| ***6)Трошоци за енергија*** | | | | | |
| Трошоци за електрична енергија | 14,419,076 | 22,500,000 | 15,778,726 | 109.4 | 70.1 |
| Трошоци за топлотна енергија | 8,432,485 | 12,000,000 | 9,080,768 | 107.7 | 75.7 |
| Трошоци за гориво и мазиво | 2,448,150 | 3,500,000 | 1,617,416 | 66.1 | 46.2 |
| **Вкупно 6** | **25,299,711** | **38,000,000** | **26,476,910** | **104.7** | **69.7** |

| **ТРОШОЦИ** | **Остварување во 2019г.** | **Финансиски план 2020г** | **Остварување во 2020г.** | **Индекси (4/2*100)** | **Индекси (4/3*100)** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| ***7)Трошоци за ситен инвентар и авто гуми*** | | | | | |
| Ситен инвентар и автогуми | 2,833,290 | 1,500,000 | 882,870 | 31.2 | 58.9 |
| **Вкупно 7** | **2,833,290** | **1,500,000** | **882,870** | **31.2** | **58.9** |
| ***8)Поштенски,телефонски услуги,интернет, аудио и видео линии*** | | | | | |
| Телефонски трошоци-дирекни | 254,577 | 700,000 | 346,049 | 135.9 | 49.4 |
| Телефонски трошоци-мобилни | 1,871,008 | 2,300,000 | 1,792,940 | 95.8 | 78.0 |
| Трошоци за интернет | 70,100 | 700,000 | 302,310 | 431.3 | 43.2 |
| Поштарина | 162,294 | 300,000 | 139,837 | 86.2 | 46.6 |
| Трошоци за користење на аудио и видео линии | 9,179,515 | 10,000,000 | 5,775,523 | 62.9 | 57.8 |
| **Вкупно 8** | **11,537,494** | **14,000,000** | **8,356,659** | **72.4** | **59.7** |
| ***9)Услуги за одржување и заштита*** | | | | | |
| Агенциски услуги за обезбедување на имот | 3,904,643 | 5,000,000 | 4,716,892 | 120.8 | 94.3 |
| Инвестиционо и тековно одржување на основни средства | 4,809,281 | 9,360,000 | 2,405,120 | 50.0 | 25.7 |
| Инвестиционо и тековно одржување на градежни објекти | 2,844,842 | 7,700,000 | 6,019,239 | 211.6 | 78.2 |
| Одржување на возила | 523,119 | 3,100,000 | 978,519 | 187.1 | 31.6 |
| Одржување на ситен инвентар и автогуми | 37,015 | 150,000 | 82,927 | 224.0 | 55.3 |
| Други услуги за одржување и заштита | 726 | 0 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Услуги за одржување на ВЕБ страна | 871,844 | 1,000,000 | 995,011 | 114.1 | 99.5 |
| Агенциски услуги за одржување хигиена | 1,960,090 | 3,700,000 | 3,016,688 | 153.9 | 81.5 |
| Заштитни материјали, хигиенски и медицински средства за заштита на вработените од коронавирус | 0 | 2,500,000 | 843,622 | 0.0 | 33.7 |
| **Вкупно 9** | **14,951,560** | **32,510,000** | **19,058,018** | **127.5** | **58.6** |
| ***10)Комунални услуги*** | | | | | |
| Гаражирање и паркирање на возила | 1,785 | 40,000 | 1,735 | 97.2 | 4.3 |
| Дератизација и дезинфекција | 72,684 | 350,000 | 155,000 | 213.3 | 44.3 |
| Трошоци за ѓубретарина | 829,356 | 1,200,000 | 830,721 | 100.2 | 69.2 |
| Трошоци за вода | 3,555,936 | 3,800,000 | 3,368,673 | 94.7 | 88.6 |
| **Вкупно 10** | **4,459,761** | **5,390,000** | **4,356,129** | **97.7** | **80.8** |
| ***11)Останати услуги од работењето*** | | | | | |
| Заверка на пасоши, визи и слично | 92,594 | 0 | **0** | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за огласи и конкурси | 339,012 | 500,000 | 137,822 | 40.7 | 27.6 |
| Трошоци за регистрација на возила, полномоштва и слично | 104,247 | 400,000 | 111,766 | 107.2 | 27.9 |
| Шпедитерски услуги,царински услуги и брза пошта | 43,985 | 200,000 | 14,136 | 32.1 | 7.1 |
| Трошоци за противпожарна заштита (полнење на ПП боци, сервисирање на ПП апарати) | 117,245 | 800,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно 11** | **697,083** | **1,900,000** | **263,724** | **37.8** | **13.9** |
| ***12)Трошоци за амортизација, трошоци за резервирани средства по судски предмети и слично*** | | | | | |
| Амортизација на основни средства | 61,533,137 | 66,800,000 | 65,934,194 | 107.2 | 98.7 |
| Резервирања врз основ на судски спорови | 5,620,328 | 0 | 30,858,522 | 549.1 | 0.0 |
| **Вкупно 12** | **67,153,465** | **66,800,000** | **96,792,716** | **144.1** | **144.9** |
| **ТРОШОЦИ** | **Остварување во 2019г.** | **Финансиски план 2020г** | **Остварување во 2020г.** | **Индекси (4/2*100)** | **Индекси (4/3*100)** |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| ***13)Вредносно усогласување (обезвреднување) и траен отпис*** | | | | | |
| Вредносно усогласување (обезвреднување) на нетековни и тековни средства, отпис на побарувања од купувачите, отпис на побарувања од РДТ | 703,636,113 | 2,000,000 | 6,048,934 | 0.9 | 302.4 |
| **Вкупно 13** | **703,636,113** | **2,000,000** | **6,048,934** | **0.9** | **302.4** |
| ***14)Трошоци за реклама, промоција, пропаганда и репрезентација*** | | | | | |
| Трошоци за промоција и пропаганда | 56,468 | 100,000 | 49,792 | 88.2 | 49.8 |
| Трошоци за репрезентација | 580,236 | 500,000 | 280,162 | 48.3 | 56.0 |
| **Вкупно 14** | **636,704** | **600,000** | **329,954** | **51.8** | **55.0** |
| ***15)Премии за осигурување*** | | | | | |
| Премии за осигурување | 741,731 | 1,500,000 | 703,104 | 94.8 | 46.9 |
| **Вкупно 15** | **741,731** | **1,500,000** | **703,104** | **94.8** | **46.9** |
| ***16)Банкарски услуги и трошоци во платен промет*** | | | | | |
| Такси за истакнување фирма | 0 | 10,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Банкарски услуги | 693,783 | 600,000 | 390,736 | 56.3 | 65.1 |
| **Вкупно 16** | **693,783** | **610,000** | **390,736** | **56.3** | **64.1** |
| ***17)Останати трошоци од работење*** | | | | | |
| Услуги за атестирање,мерење, изработка на елаборат за безбедност и заштита при работа и сл. | 208,953 | 100,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за стручна литература и списанија | 33,613 | 250,000 | 80,300 | 238.9 | 32.1 |
| **Вкупно 17** | **242,566** | **350,000** | **80,300** | **33.1** | **22.9** |
| ***18)Трошоци за надомест и други примања на членови на надзорен одбор, одбор на директори и управители*** | | | | | |
| Надомест за членови на Надзорен одбор и Програмски совет на МРТ | 5,862,586 | 5,200,000 | 6,281,518 | 107.1 | 120.8 |
| **Вкупно 18** | **5,862,586** | **5,200,000** | **6,281,518** | **107.1** | **120.8** |
| ***19)Даноци , судски такси и друго*** | | | | | |
| Даноци | 2,020,958 | 4,000,000 | 3,698,411 | 183.0 | 92.5 |
| Судски трошоци и административни такси | 507,268 | 500,000 | 234,956 | 46.3 | 47.0 |
| **Вкупно 19** | **2,528,226** | **4,500,000** | **3,933,367** | **155.6** | **87.4** |
| ***20)Казни,пенали,надомест на штети*** | | | | | |
| Казни,пенали,надомест на штети | 122,990 | 600,000 | 221,400 | 180.0 | 36.9 |
| **Вкупно 20** | **122,990** | **600,000** | **221,400** | **180.0** | **36.9** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ***21)Дополнително утврдени расходи од минати години*** | | | | | |
| Дополнително утврдени расходи од минати години | 15,508,950 | 18,000,000 | 15,874,354 | 102.4 | 88.2 |
| **Вкупно 21** | **15,508,950** | **18,000,000** | **15,874,354** | **102.4** | **88.2** |
| ***22)Камати од работење и затезни камати*** | | | | | |
| Камати од работење и затезни камати | 17,260,728 | 11,000,000 | 5,164,590 | 29.9 | 47.0 |
| Камати од неплатени јавни давачки | 3,024,510 | 0 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 22** | **20,285,238** | **11,000,000** | **5,164,590** | **25.5** | **47.0** |
| ***23)Негативни курсни разлики*** | | | | | |
| Негативни курсни разлики | 1,569,057 | 5,000,000 | 5,005,183 | 319.0 | 100.1 |
| **Вкупно 23** | **1,569,057** | **5,000,000** | **5,005,183** | 319.0 | 100.1 |

| ТРОШОЦИ | Остварување во 2019г. | Финансиски план 2020г | Остварување во 2020г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| ***24) Трошоци за набавки на стоки и услуги до 1000 евра*** | | | | | |
| Трошоци за набавки на стоки и услуги до 1000 евра | **0** | 880,000 | 100,916 | 0.0 | 11.5 |
| **Вкупно 24** | **0** | **880,000** | **100,916** | 0.0 | 11.5 |
| **Вкупно заеднички трошоци** | **883,464,907** | **216,790,000** | **205,627,555** | **23.3** | **94.9** |
| **Програмски права** | | | | | |
| ***25)Програмски права*** | | | | | |
| Права за филмови | 7,019,195 | 20,600,000 | 20,312,791 | 289.4 | 98.6 |
| Останати програмски права | 22,464,639 | 95,000,000 | 92,320,477 | 411.0 | 97.2 |
| Надомест за фестивал ЕВРОСОНГ | 2,239,525 | 0 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Надомест за фестивали | 307,434 | 500,000 | 92,542 | 30.1 | 18.5 |
| Права за спортски настани | 12,179,907 | 41,150,000 | 20,573,287 | 168.9 | 50.0 |
| Надомест за откуп на програми од независни продуценти | 5,442,750 | 1,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Копродукциски проекти | 63,908,511 | 108,200,000 | 105,128,694 | 164.5 | 97.2 |
| **Вкупно 25-програмски права** | **113,561,961** | **266,450,000** | **238,427,791** | **210.0** | **89.5** |
| **Останати трошоци од работење** | | | | | |
| ***26)Наемнини*** | | | | | |
| Останати наемнини (наем на опрема и недвижнини) | 179,683 | 500,000 | 180,131 | 100.2 | 36.0 |
| **Вкупно 26** | **179,683** | **500,000** | **180,131** | **100.2** | **36.0** |
| ***27)Останати трошоци од работење*** | | | | | |
| Адвокатски и нотарски услуги | 849,405 | 600,000 | 331,754 | 39.1 | 55.3 |
| Ревизија на финансиски извештаи | 599,676 | 1,000,000 | 899,514 | 150.0 | 90.0 |
| Услуги за вештачење | 16,520 | 200,000 | 9,440 | 57.1 | 4.7 |
| Технички услуги | 1,875,779 | 2,500,000 | 2,316,230 | 123.5 | 92.6 |
| Трошоци за опремување сцена | 1,535,933 | 2,000,000 | 1,981,386 | 129.0 | 99.1 |
| Интелектуални услуги (преведувачки услуги, изработка на проекти,елаборати и сл.) | 2,365,707 | 5,000,000 | 5,553,157 | 234.7 | 111.1 |
| Агенциски услуги во земјата-информативни | 0 | 50,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Авторски договори-авторска агенција | 10,001,001 | 15,500,000 | 15,637,992 | 156.4 | 100.9 |
| Трошоци за проект Евровизија | 7,852,642 | 3,000,000 | 2,090,129 | 26.6 | 69.7 |
| Трошоци за судски извршители | 2,098,341 | 500,000 | 18,293 | 0.9 | 3.7 |
| **Вкупно 27** | **27,195,004** | **30,350,000** | **28,837,895** | **106.0** | **95.0** |
| ***28)Членарини, котизации,такси,ЗАМП,останати услуги*** | | | | | |
| Годишни членарини - ЕБУ, ЦИРКОМ | 9,501,368 | 10,500,000 | 9,951,605 | 104.7 | 94.8 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Котизации и акредитации | 171,253 | 300,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Мало авторско право (ЗАМП) | 13,514,381 | 14,500,000 | 13,251,833 | 98.1 | 91.4 |
| Надомест за Агенција за филм согласно Закон за филмска дејност | 0 | 4,500,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 28** | **23,187,002** | **29,800,000** | **23,203,438** | **100.1** | **77.9** |
| ***29)Материјали и услуги за дигитализација*** | | | | | |
| Набавка на дигитални технички материјали и услуги | 76,492 | 300,000 | 422,514 | 552.4 | 140.8 |
| **Вкупно 29** | **76,492** | **300,000** | **422,514** | **552.4** | **140.8** |
| **Вкупно останати трошоци од работење** | **50,638,181** | **60,950,000** | **52,643,978** | **104.0** | **86.4** |
| **А.ВКУПНО ТРОШОЦИ** | **1,455,831,305** | **993,000,000** | **937,721,556** | **64.4** | **94.4** |
| **Б.ИНВЕСТИЦИИ** | | | | | |
| Набавка на опрема | 46,737,523 | 3,000,000 | 1,878,793 | 4.0 | 62.6 |
| **Б.ВКУПНО ИНВЕСТИЦИИ:** | **46,737,523** | **3,000,000** | **1,878,793** | **4.0** | **62.6** |
| **ВКУПНО РАСХОДИ (А+Б)** | **1,502,568,828** | **996,000,000** | **939,600,349** | **62.5** | **94.3** |

## 9. ОСТВАРЕН ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈРП МРТ ЗА 2020 ГОДИНА

Во периодот 01.01-31.12.2020 година Македонската радио телевизија оствари вкупен приход по разни основи во износ од 1.012.188.171 денар. Во истата календарска година остварени се расходи во износ од 937.721.556 денари. Оттука произлегува дека во своето работење во 2020 година МРТ има остварено позитивен финансиски резултат во износ од 74.466.615 денари.

## 9.01 ПРЕГЛЕД НА ОСТВАРЕН ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈРП МРТ ВО 2020 ГОДИНА

| ОПИС | Остварување во 2019г. | | Финансиски план 2020г | | Остварување во 2020г. | | индекс | индекс |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | износ | стр. | износ | стр. | износ | стр. | 6/2*100 | 6/4*100 |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| **А.ВКУПЕН ПРИХОД** | **928,684,708** | **100.0** | **1,086,000,000** | **100.0** | **1,012,188,171** | **100.0** | **109.0** | **93.2** |
| **Б.ВКУПНИ ТРОШОЦИ** | **1,455,831,305** | **156.8** | **993,000,000** | **91.4** | **937,721,556** | **92.6** | **64.4** | **94.4** |
| Трошоци за вработени | 399,063,279 | 43.0 | 443,760,000 | 40.9 | 439,029,965 | 43.4 | 110.0 | 98.9 |
| Патни трошоци | 9,102,977 | 1.0 | 5,050,000 | 0.5 | 1,992,267 | 0.2 | 21.9 | 39.5 |
| Заеднички трошоци | 883,464,907 | 95.1 | 216,790,000 | 20.0 | 205,627,555 | 20.3 | 23.3 | 94.9 |
| Програмски права | 113,561,961 | 12.2 | 266,450,000 | 24.5 | 238,427,791 | 23.6 | 210.0 | 89.5 |
| Останати трошоци од работење | 50,638,181 | 5.5 | 60,950,000 | 5.6 | 52,643,978 | 5.2 | 104.0 | 86.4 |
| **ФИНАН.РЕЗУЛТАТ (А-Б загуба )** | **-527,146,597** | | | | **74,466,615** | | | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Данок на добивка** | | | | | **8,717,701** | | | |
| **Добивка по оданочување** | | | | | **65,748,914** | | | |

## 10. СОСТОЈБА НА ЖИРО СМЕТКИ

**Состојбата на расположливи финансиски средства во денари на жиро сметките на ЈРП МРТ на 31.12.2020 година изнесува:**

- Комерцијална банка 62.596.244 денари
- Халк банка 22.994.267 денари
- Тутунска банка 126.400 денари
- Стопанска банка 143.803 денари
- Шпаркасе банка 166.316 денари
- Еуростандард банка 273.223 денари
- Алфа банка 64.040 денари
- Прокредит банка 1.022.006 денари

***Вкупно на сметки : 87.386.299 денари***

**Состојбата на девизните сметки на ЈРП МРТ на 31.12.2020 година изнесува:**

- Стопанска банка 149 УСД
- Комерцијална банка 4.040 ЕУР

7.959 АУД

5.736 ЦХФ

354 ДКК

- Прокредит банка 19.867 ЕУР

## 11. СОСТОЈБА НА ПОБАРУВАЊА НА ЈРП МРТ НА 31.12.2020 ГОДИНА

**РЕКАПИТУЛАР НА ВКУПНИТЕ ПОБАРУВАЊА НА ЈРП МРТ ОД КУПУВАЧИ**

**ВО ЗЕМЈАТА И СТРАНСТВО НА 31.12.2020 ГОДИНА**

| ОПИС | Состојба на 31.12.2019 | Состојба на 31.12.2020 | Индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2) |
| Побарувања од купувачите во земјата | 2,101,859,458 | 2,091,011,246 | 99.5 |
| Побарувања од купувачите во странство | 39,207,897 | 40,245,762 | 102.6 |
| Вредносно усогласување на побарувањата од купувачите | -2,127,593,651 | -2,120,795,925 | 99.7 |
| Вкупно: | 13,473,704 | 10,461,083 | 77.6 |

### 11.01 Побарувања од купувачите во земјата

Вкупните ненаплатени побарувања од купувачите во земјата со состојба на 31.12.2020 година изнесуваат вкупно 8.920.919 денари, а се однесуваат на следните видови услуги:

| ОПИС | Состојба на 31.12.2019 | Состојба на 31.12.2020 | Индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2) |
| - редовни побарувања | 2,048,061,769 | 2,042,627,644 | 99.7 |
| - побарувања за кои се поведени судски постапки за присилна наплата | 53,797,689 | 48,383,602 | 89.9 |
| - вредносно усогласување на побарувањата | -2,089,066,469 | -2,082,090,327 | 99.7 |
| Вкупно: | 12,792,989 | 8,920,919 | 69.7 |

Побарувања од купувачите во земјата се однесуваат на следните видови услуги:

| ОПИС | Состојба на 31.12.2019 | Состојба на 31.12.2020 | индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2) |
| - ненаплатени побарувања по основ на радиодифузна такса (обврска на УЈП) | 2,040,879,236 | 2,033,405,711 | 99.6 |
| - радио и телевизиски реклами | 3,367,665 | 6,189,493 | 183.8 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - закуп на основни средства | 146,302 | 118,182 | 80.8 |
| - побарувања од корисници на Кулата на МРТ (закуп, струја) | 3,058,135 | 2,507,304 | 82.0 |
| - спогодби | 610,431 | 406,954 | |
| - тужени побарувања (за реклами, закупнини и др.) | 53,797,689 | 48,383,602 | 89.9 |
| - вредносно усогласување на побарувањата од купувачите во земјата | -2,089,066,469 | -2,082,090,327 | 99.7 |
| **Вкупно:** | **12,792,989** | **8,920,919** | **69.7** |

## 11.02 Побарувања од купувачите во странство

Вкупните ненаплатени побарувања од купувачите во странство со состојба на 31.12.2020 година изнесуваат вкупно 1.540.164 денари, а се однесуваат на следните видови услуги:

| **ОПИС** | **Состојба на 31.12.2019** | **Состојба на 31.12.2020** | **индекси** |
|---|---|---|---|
| **1** | **2** | **3** | **4(3/2)** |
| - Купувачи во странство (тужени побарувања од отстапени права) | 35,035,082 | 35,081,464 | 100.1 |
| - ТВ услуги | 539,993 | 541,822 | 100.3 |
| - технички услуги | 2,810,181 | 2,819,706 | 100.3 |
| - побарувања од закупнини | 16,784 | 16,841 | 100.3 |
| - отстапени права | 120,358 | 1,387,989 | 1,153.2 |
| - фестивали во странство | 413,675 | 124,843 | 30.2 |
| - побарувања од спонзорства во странство | 271,824 | 273,097 | 100.5 |
| - вредносно усогласување на побарувањата од купувачите во странство за 2020г | -38,527,182 | -38,705,598 | 100.5 |
| **Вкупно:** | **680,715** | **1,540,164** | **226.3** |

## 12. РЕКАПИТУЛАР НА ВКУПНИТЕ ОБВРСКИ НА ЈРП МРТ

| **ОПИС** | **состојба на 31.12.2019 год.** | **состојба на 31.12.2020 год.** |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| **Краткорочни обврски** | **542,063,695** | **524,694,272** |
| Обврски кон добавувачите во земјата | 100,124,018 | 59,837,774 |
| Обврски кон добавувачите во странство | 13,066,040 | 12,120,233 |
| Обврски за примени аванси од купувачи | 79,257 | 78,723 |
| Краткорочни обврски за даноци (ДДВ,ДД,ПД), даноци и придонеси за плата, камати по истите и сл. | 147,267,252 | 141,817,920 |
| Обврски спрема вработените | 24,184,897 | 37,025,731 |
| Обврски за авторски договори | 1,303,434 | 1,132,789 |
| Краткорочни обврски кон МФ (доспеана камата и главен долг за Лондонски и Париски клуб) | 172,600,320 | 157,860,262 |
| Останати краткорочни обврски | 572,558 | 1,096,399 |
| Краткорочни обврски за заеми (камата и главен долг кон АД Аеродроми) | 12,920,280 | 12,920,280 |
| Резервирања врз основ на судски спорови (камата и главен долг кон ММИ, Агенција за филм, Глигор Смокварски) | 69,945,639 | 100,804,161 |

| | | |
|---|---|---|
| **Долгорочни обврски** | **189,080,710** | **173,019,640** |
| Долгорочни обврски кон добавувачи во земјата | 14,657,025 | 11,516,235 |
| Долгорочни кредити и заеми (АД Аеродроми) | 174,423,685 | 161,503,405 |
| **ВКУПНО ОБВРСКИ** | **731,144,405** | **697,713,912** |

Вкупните обврски на 31.12.2020 година изнесуваат 697.713.912 денари и истите во однос на состојбата на 31.12.2019 година се намалени за 33.430.493 денари. И покрај тоа што средствата за финансирање на радиодифузна дејност континуирано се намалуваат и крајно е тешко да се одржи тековното работење, сепак се прават максимални напори и се настојува колку што е можно навремено да се сервисираат обврските.

Скопје, Март 2021 година

Одобрил

Горан Атанасов

________________________

Директор на Заеднички функции

Директор на МРТ

____________________

Марјан Цветковски

Одделение за сметководство

Изработил: С.Николовска

Одделение за планирање и реализација на буџети

Изработил: Л.Мицанова

В. Димеска